View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

# Профилакса на Hepatitis B кај деца родени од HBsAg позитивни мајки во Медицински центар во Штип

Камчева М., Камчев Н., Витларова Ј., Гајдарџиска-Шишкова Д., Караѓозова Г., Грков Б., Икономова Л.

Инфективно одделение, Трансфузиологија, Медицински центар-Штип, Република Македонија

## ЦЕЛ

Профилакса на вертикална трансмисија на Hepatitis B.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Децата родени од HBsAg позитивни мајки веднаш по породувањето се тестирани за утврдување присуство на HBsAg со Микроелиса тест од трета генерација (Organon Teknika). Како потврден тест е користен Lia Tek HCV ( Organon Teknika). Наредните тестирања се извршени пред апликација на втора доза HB вакцина, потоа 1 месец по добивање на втора профилактична доза, потоа пред апликација на третата и 1, 6 и 12 месеци по третата профилактична доза. Се детектираше и присуство на анти-HBs (Nubenco Diagnostics, Inc. One Kalisa Way, Paramus, (U.S.A.).

## РЕЗУЛТАТИ

Од 1050 редовно тестирани бремени жени присуство на HBsAg е откриено кај 14(1,33%). Кај ниту една од испитуваните бремени ѓени не е регистриран акутен хепатит, ниту пореметување на хепаталниот и ензимскиот статуст. Веднаш по породувањето сите 14 новородени деца се тестирани за присуство на HBsAg. Кај ниту едно не е откриено присуство на HBsAg..Поради тоа аплицирани се i.m. 0,5 ml ) ENGERIX генетички произведена HB вакцина. Серум (HBIG) не аплициравме поради немање можност од набавка. Еден месец по апликацијата на втората доза HB вакцина, потоа 1, 6 и 12 месеци од апликацијата на третата доза HB вакцина, серумски примероци од новородените деца се тестирани за откривање присуство на HBsAg I anti - HBs.. Testirawata poka\aa negativni rezultati. Кај ни едно од испитаните деца не е регисран акутен хепатит, ниту пореметување на хепаталниот и ензимскиот статус.. И покрај забраната за доење дел од децата се доени без наша согласност.

## ЗАКЛУЧОК

**И покрај тоа што нашите резултати се разликуваат од многу податоци во литературата со иста или слична цел, сепак препорачуваме профилактичен третман** на сите новородени деца од HBsAg позитивни мајки со HBIG I HB вакцина, и забрана за доење.